Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за реализација на проектот "Парк со паркинг простор и поплочување на тротоари"**

**1.Се објавува: Одлука за реализација на проектот "Парк со паркинг простор и пополочување на тротоари" бр.16-449/1/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-479/1
17.03.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово") бр.6/2006) , Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на проектот "Парк со паркинг простор и поплочување на тротоари"**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека проектот "Парк со паркиниг простор и поплочување на тротоари" е приоритет за општина Кратово и истиот е вклучен во стратешките документи на општината, односно Стратешкиот план за Локален економски развој. За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Кратово да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000 евра.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 11.743.911,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Кратово.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово".

16- 449/1
13.03.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за реализација на проектот "Обновување на улица "Гоце Делчев" од км 0+000 до км 0+161.20""**

**1.Се објавува: Одлука за реализација на проектот "Обновување на улица "Гоце Делчев" од км 0+000 до км 0+161.20" бр.16-450/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-480/1
17.03.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово") бр.6/2006) , Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на проектот**
**"Обновување на улица "Гоце Делчев"**
**од км 0+000 до км 0+161.20""**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека проектот "Обновување на улица Гоце Делчев од км 0+000 до км 0+161.20" е приоритет за општина Кратово и истиот е вклучен во стратешките документи на општината. За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Кратово да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000 евра.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 3.349.921,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Кратово додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од буџетот на општината за 2015 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 450/1
13.03.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за реализација напроектот "Изградба на локален пат во с.Железница"**

**1.Се објавува: Одлука за реализација на проектот "Изградба на локален пат до чешма во с.Железница" бр.16-451/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-481/1 — **Градоначалник**
17.03.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на Општина Кратово ("Службен Гласник на Општина Кратово") бр.6/2006), Советот на Општина Кратово на седницата одржана на ден 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за реализација на проектот "Изградба на локален пат во с.Железница"**

**Член 1**

Со оваа одлука се потврдува дека проектот "Изградба на локален пат до чешма во с.Железница" е приоритет за општина Кратово и истиот е вклучен во стратешките документи на општината. За реализацијата на горенаведениот проектот се дава согласност општина Кратово да аплицира до Министерството за финансии за добивање на средства од ЕУ ИПА грантот за рурална инфраструктура преку кој руралните општини може да поднесат барање за финансиска поддршка со максимална вредност од 260.000 евра.

**Член 2**

Согласно техничката документација, проценетата вредност на проектот изнесува 6.108.073,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Кратово додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од буџетот на општината за 2015 година.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кратово.

16- 451/1 — **Претседател**
13.03.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишна (Завршна) сметка на буџетот и Годишен извештај на Единицата на локалната самоуправа Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишна (Завршна) сметка на буџетот и Годишен извештај на Единицата на локалната самоуправа Кратово за 2014 година бр.16-452/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-482/1 **Градоначалник**
17.03.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 7, и член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), член 33 и член 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/09 и 47/2011), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишна (Завршна) сметка на буџетот и Годишен извештај на Единицата на локалната самоуправа Кратово за 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката се усвојува годишната (завршната) сметка на буџетот и Годишниот извештај на Единицата на локалната самоуправа Кратово за 2014 година.

Советот на општина Кратово разгледувајќи ги годишната (завршната) сметка на буџетот и годишниот извештај на единицата на локалната самоуправа Кратово за 2014 година, констатира дека истите се направени согласно член 33 и 34 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и ги содржат основните елементи пропишани со законот.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 452/2 **Претседател**
13.03.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 и 7 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/2002), член 33 од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/2004, 96/2004, 67/2007, 156/2009 и 47/2011) и член 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен гласник на општина Кратово бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 13.03.2015 година, донесе

## З А В Р Ш Н А   С М Е Т К А

## НА БУЏЕТОТ НА ЕДИНИЦАТА НА ЛОКАЛНАТА САМОУПРАВА КРАТОВО ЗА 2014 ГОДИНА

### Член 1

Годишната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Кратово за 2014 година се состои од:

| | Планирани | Реализирани |
|---|---|---|
| **ВКУПНО ПРИХОДИ** | **191.697.930 денари** | **175.775.663 денари** |

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 10.960.000 денари | 11.461.562 денари |
| Неданочни приходи | 8.118.596 денари | 4.736.473 денари |
| Капитални приходи | 2.800.000 денари | 3.001.886 денари |
| Трансфери | 87.463.540 денари | 77.110.226 денари |
| Дотации | 79.185.821 денари | 78.030.648 денари |
| | | |
| Донации | 3.170.000 денари | 1.434.868 денари |
| Пренесено салдо од 2013 година | 4.882.539 денари | |

| | | |
|---|---|---|
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **191.697.930 денари** | **173.371.660 денари** |
| Утврдени намени | 191.497.930 денари | 173.197.809 денари |
| Резерви | 200.000 денари | 173.851 денари |

**СУФИЦИТ** **2.404.003 денари**

**САЛДО НА 31.12.2014 година** **7.286.542 денари**

### Член 2

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на основниот буџет во износ од 1.395.379 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на основниот буџет на ЕЛС Кратово за 2015 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на наменски дотации во износ од 3.518.870 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на наменски дотации на ЕЛС Кратово за 2015 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на самофинансирачки активности во износ 1.790.025 денари се пренесува како вишок на приходи од претходната година на буџетот на самофинансирачки активности на ЕЛС Кратово за 2015 година.

Разликата помеѓу остварените приходи и извршените расходи на буџетот на донации во износ од 582.268 денари се пренесува како вишок на приходи од претходна година на буџетот за донации за 2015 година.

### Член 3

Планираните и остварените приходи по извори и видови, односно планираните и извршените расходи по основни намени се искажани во билансите на приходи и расходи на Годишната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа Кратово за 2014 година и во Посебниот дел по програми и основни намени по економска класификација и тоа, кои се во прилог и се составен дел на оваа одлука.

### Член 4

Во Посебниот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа КРАТОВО за 2014 година се прикажуваат расходите по програми, подпрограми, по сметки и ставки.

### Член 5

Општиот дел на Завршната сметка на Буџетот на единицата на локалната самоуправа КРАТОВО за 2014 година се објавува во

Службениот гласник на единицата на локалната самоуправа КРАТОВО.

**Член 6**

Завршната сметка, ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16-452/1 **Претседател**
13.03.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година бр.16-453/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-483/1 **Градоначалник**
17.03.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово (,"Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на завршните (годишните) сметки на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ги усвојува завршните (годишните) сметки на Општинската установа "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година, и тоа:

1.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (за сметката 903) - усвоена со одлука на управниот одбор на установата бр.02-65/1 од 27.02.2015 година;

2.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (за сметката 787) - усвоена со одлука на управниот одбор на установата бр.02-65/2 од 27.02.2014 година; и

2.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (за сметката 785)- усвоена со одлука на управниот одбор на установата бр.02-65/4 од 27.02.2014 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 453/1 **Претседател**
13.03.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на средства на блок дотациите за култура на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за реализација на средства на блок дотациите за култура на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година бр.16-454/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-484/1 — **Градоначалник**
17.03.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово (,"Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Годишен извештај за реализација на средства на блок дотациите за култура на ОУ "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за реализација на средства на блок дотациите за култура на Општинската установа "Музеј на град Кратово" од Кратово за 2014 година.

Годишниот извештај е во прилог и е составен дел на оваа одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 454/1 — **Претседател**
13.03.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" од Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" од Кратово за 2014 година бр.16-455/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-485/1
17.03.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на завршните (годишните) сметки на ЈОУ Дом на културата "Лазар Софијанов" од Кратово за 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ги усвојува завршните (годишните) сметки на Јавната општинска установа Дом на културата "Лазар Софијанов" од Кратово за 2014 година, и тоа:

1.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (за сметката на дотации) - усвоена со одлука на управниот одбор на установата бр.02-38/4 од 25.02.2015 година; и

2.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (за сопствени приходи) - усвоена со одлука на управниот одбор на установата бр.02-38/3 од 25.02.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16- 455/1
13.03.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на СОУ "Митко Пенџуклиски" од Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на СОУ "Митко Пенџуклиски" од Кратово за 2014 година бр.16-456/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-486/1
17.03.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на завршните (годишните) сметки на СОУ "Митко Пенџуклиски" од Кратово за 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ги усвојува завршните (годишните) сметки на Средното општинско училиште "Митко Пенџуклиски" од Кратово за 2014 година, и тоа:

1.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (наменска дотација-737010578990317) - усвоена со одлука на училишниот одбор на установата бр.02-121/3 од 26.02.2015година;

2.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (сопствени приходи-737010578978712) - усвоена со одлука на училишниот одбор на установата бр.02-121/4 од 26.02.2015 година; и

3.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (приходи од МОН-160010578960319) - усвоена со одлука на училишниот одбор на установата бр.02-121/5 од 26.02.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16- 456/1
13.03.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ООУ "Кочо Рацин"од Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ООУ "Кочо Рацин" од Кратово за 2014 година бр.16-457/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-487/1 — **Градоначалник**
17.03.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово (,"Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на завршните (годишните) сметки на ООУ "Кочо Рацин" од Кратово за 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ги усвојува завршните (годишните) сметки на Општинското основно училиште "Кочо Рацин" од Кратово за 2014 година, и тоа:

1.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (за сопствени приходи за сметка 787) - усвоена со одлука на училишниот одбор на установата бр.02-83/2 од 13.02.2015 година; и

2.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (за наменска дотација за сметка 903) - усвоена со одлука на училишниот одбор на установата бр.02-83/3 од 13.02.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16- 457/1 — **Претседател**
13.03.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ЈОУДГ "Царка Андреевска"од Кратово за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на завршните (годишните) сметки на ЈОУДГ "Царка Андреевска" од Кратово за 2014 година бр.16-458/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-488/1
17.03.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на завршните (годишните) сметки на ЈОУДГ "Царка Андреевска" од Кратово за 2014 година**

**Член 1**

Со Одлуката Советот на општина Кратово ги усвојува завршните (годишните) сметки на Јавната општинска установа за деца-детска градинка "Царка Андреевска" од Кратово за 2014 година, и тоа:

1.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (сметка наменска дотација 903) - усвоена со одлука на управниот одбор на установата бр.02-45/2 од 25.02.2015 година; и

2.Завршна (годишна) сметка за 2014 година (сопствени приходи 787) - усвоена со одлука на управниот одбор на установата бр.02-45/3 од 25.02.2015 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16- 458/1
13.03.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2015 година**

**1.Се објавува: Одлука за висината на благајничкиот максимум за 2015 година бр.16-459/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-489/1 — **Градоначалник**
17.03.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

**за висината на благајничкиот максимум за 2015 година**

**Член 1**

Благајничкиот максимум за 2015 година се определува да изнесува 50.000,00 денари (педесет илјади) денари.

**Член 2**

Доколку има можност да се оствари прилив на други средства по други основи во благајната во текот на денот, истите ќе се уплатуваат на сметката истиот ден, а најкасно наредниот работен ден.

**Член 3**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.16- 459/1 — **Претседател**
13.03.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане**

**1.Се објавува: Одлука за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане бр.16-460/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-490/1 | **Градоначалник**
17.03.2015 г. | **на општина Кратово**
Кратово | Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 4 став (3) од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на РМ“, бр. 79/09), и *член 15 и 20 од Статутот на Општина Кратово* , а по претходно направена процена за потреба од воспоставување на меѓуопштинска соработка, Советот на Општината Кратово, на дваесет и третата седница на советот одржана на 13.03.2015 година, донесе:

## О Д Л У К А

**за воспоставување на меѓуопштинска соработка со општините Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане**

**Член 1**

Со оваа Одлука *се* воспоставува меѓуопштинска соработка, со општините Крива Паланка, Куманово, Липково, Ранковце и Старо Нагоричане, за поефикасно вршење на надлежностите во локалниот и регионалниот развој.

**Член 2**

Меѓуопштинската соработка од член 1 на оваа одлука ќе се остварува преку Платформа за регионална рурална акција во Североисточниот плански регион како постојано заедничко работно тело на сите општини од Североисточниот плански регион.

**Член 3**

Постојаното заедничко работно тело го сочинуваат вкупно 17 претставника и тоа: по еден (1) преставник од одделенијата за ЛЕР од секоја општина која што воспоставува меѓуопштинска соработка, еден (1) претставник од Центарот за

развој на СИПР, два (2) претставника од бизнис-асоцијации, еден (1) претставник од Регионална бизнис комора, два (2) претставника од здруженија на граѓани (НВО), еден (1)претставник претставника од фондации, еден (1) претставник од рурални мрежи, еден (1) претставник од образовна институција и по еден (1) претставник од двете Локалните Акциони Групи во двата Микрорегиони (Претставниците на Локалните Акциони Групи ќе се придружат на Работното Тело по нивна регистрација во Централен Регистар на Република Македонија).

По потреба, без право на одлучување во работата на постојаното заедничко работно тело може да се вклучат и претставници на национални институции и меѓународни организации.

**Член 4**

**За претставник во постојаното заедничко работно тело од општина Кратово се определува Лимонка Ѓеоргиева.**

**Член 5**

**Се овластува претседателот на советот на општина Кратово да ја потпише одлуката за формирање на постојаното заедничко работно тело –** Платформа за регионална рурална акција во Североисточниот плански регион.

**Член 6**

Ова Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Кратово“.

16- 460/1 — **Претседател**
13.03.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) 2009-2014 за 2014 година**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Годишен извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) 2009-2014 за 2014 година бр.16-461/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-491/1 — **Градоначалник**
17.03.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 14, 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

### за усвојување на Годишен Извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) 2009-2014 за 2014 година

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Годишниот Извештај за спроведување на Програмата за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) 2009-2014 за 2014 година, изготвен од Центарот за развој на Североисточниот плански регион - Куманово.

**II.** Одлуката стапува на сила во наредниот ден по нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 461/1 **Претседател**
13.03.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

### за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Центарот за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) за 2014 година

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Извештај за работењето на Центарот за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) за 2014 година бр.16-462/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-492/1 **Градоначалник**
17.03.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 14 и член 36 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 14, 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

## О Д Л У К А

**за усвојување на Извештај за работењето на Центарот за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) за 2014 година**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Извештајот за работењето на Центарот за развој на Североисточниот плански регион (СИПР) за 2014 година, (за период Јануари-Декември 2014), изготвен од Центарот за развој на Североисточниот плански регион - Куманово.

**II.** Одлуката стапува на сила во наредниот ден по нејзиното донесување, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 462/1 **Претседател**
13.03.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за работата на комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на Општината Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за усвојување на Извештај за работата на комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на Општината Кратово бр.16-465/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-493/1 **Градоначалник**
17.03.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 и член 62 од Законот за локалната самоуправа

("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно член 15 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на ден 13.03.2015 година, донесе

**О Д Л У К А**

**за усвојување на Извештај за работата на комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на Општината Кратово**

**I.** Со Одлуката Советот на општина Кратово го усвојува Извештајот за работата на комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на Општината Кратово бр.08-435/1 од 12.03.2015 година, а со кој е извршена процена на штети настанати од поплава од обилните врнежи од дожд во месеците Јануари и Февруари 2015 година во Кратово и во населените места: Железница, Куклица, Талашманце, Кетеново, Кнежево--Брана, Вакув и Димонце изготвен од Комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на Општината Кратово.

**II.** Извештајот за работата на комисијата за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на Општината Кратово е составен дел на оваа одлука.

**III.** Оваа одлука заедно со Извештајот и сите други потребни документи да се достават до надлежната комисија при Владата на Република Македонија.

**IV.** Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 465/1 — **Претседател**
13.03.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на објектите на к.п.1077/1 КО Филиповци, к.п.1786/1 КО Железница и к.п.1874 КО Кратово**

**1.Се објавува: Одлука за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на објектите на к.п.1077/1 КО Филиповци, к.п.1786/1 КО Железница и к.п.1874 КО Кратово бр.16-466/1,** донесена од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-494/1 — **Градоначалник**
17.03.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 10 став 4 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти

("Сл.весник бр.23/11, 54/11, 155/12, 53/13, 72/13, 44/14 и 115/14") и член 15 од Статутот на општина Кратово ("Сл.Гласник на Општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата оддржана на 13.03.2015 година донесе:

**О Д Л У К А**

**за утврдување за донесување на урбанистичко-планска документација со која ќе се изврши проширување на плански опфат и вклопување на објектите на к.п.1077/1 КО Филиповци, к.п.1786/1 КО Железница и к.п.1874 КО Кратово**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува дека општина Кратово со идна урбанистичко-планска документација ќе изврши проширување на планскиот опфат и ќе ги вклопи објектите на к.п.1077/1, м.в.*Бачков рид*, КО Филиповци, к.п.1786/1, м.в.*река мало*, КО Железница и к.п.1874, м.в.*Царина*, КО Кратово, бесправно изградени од страна на Ангел Кирчов со стан на живеење на ул*Крсте Мисирков* бр.20 а Кратово, Елидија Никева со стан на живеење во с.Железница и Сандре Алексов со стан на живеење на ул*Митко Димитров* бр.39 во Кратово.

**Член 2**

Локалитетите за кои се врши утврдувањето за донесување на урбанистичко-планска документација се наоѓаат во м.в.*Бачков рид* КО Филиповци, м.в*река мало*КО Железница и м.в.*Царина* КО Кратово, земјиште во сопственост на Ангел Кирчов со стан на живеење на ул*Крсте Мисирков* бр.20а Кратово Елидија Никева со стан на живеење во с.Железница и Сандре Алексов со стан на живеење на ул*Митко Димитров* бр.39 во Кратово.

**Член 3**

Идната урбанистичко - планска документација се утврдува дека ќе биде со намена А1 домување во станбени куќи.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила од денот на донесување а ќе се објави во *Службен гласник на Општина Кратово*.

Бр.16- 466/1
13.03.2015 г.
Кратово

**Претседател**
**на Советот на општина Кратово**
Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Кратово во текот на 2014 година**

**1.Се објавува: Решение за усвојување на Годишен извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Кратово во текот на 2014 година бр.16-464/1,** донесено од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-495/1
17.03.2015 г.
Кратово

**Градоначалник**
**на општина Кратово**
Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36, став 1, точка 13 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/2002), а согласно член 15 и 20 од Статутот од Статутот на општина Кратово, Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за усвојување на Годишен извештај за работа на Полициска станица од општа надлежност Кратово во текот на 2014 година**

**I.** Со Решението Советот на општина Кратово го усвојува Годишниот извештај за работа на Полициската станица од општа надлежност Кратово во текот на 2014 година.

**II.** Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 464/1 **Претседател**
13.03.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучок по Предлог-Деловникот на Советот на млади на општина Кратово**

**1.Се објавува: Заклучок по Предлог-Деловникот на Советот на млади на општина Кратово бр.16-463/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-496/1 **Градоначалник**
17.03.2015 г. **на општина Кратово**
Кратово Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**по Предлог-Деловникот на Советот на млади на Општина Кратово**

**I.** Советот на општина Кратово расправајќи по Предлог-Деловникот на Советот на млади заклучи истиот да биде вратен и потворно разгледан од Советот на млади на Општина Кратово, а да бидат земени во предвид следните забелешки по Предлог-Деловникот, и тоа:

1.Во членот 4 во став 1 зборовите: "два дена" да се заменат со зборовите "седум дена";

2.Во членот 7 зборот: "се" да се замени со буквата "е", а зборовите: "членовите на советот и" да се избришат;

3.Во членот 8 во став 3 бројот: "30" да се замени со бројот: "8";

4.Во членот 9 во став 2 зборовите: "два дена" да се заменат со зборовите: "седум дена";

5.Во членот 12 во став 2 наместо текстот: "можат да учествуваат членовите на советот и други лица кои ги поканил Претседател на советот, со претходна одлука на советот", да стои текстот: "без право на одлучување можат да учествуваат членовите на советот на општина Кратово и поканети преставници на јавни служби, установи, претпријатија или раководни или стручни државни службеници, чие присаство пред почетокот на седницата го соопштува Претседателот на советот. На седниците на советот можат да присуствуваат и заинтересирани граѓани, преставници од месни заедници, здруженија на граѓани или невладини организации кои ќе побараат дозвола за присаство од Претседателот на советот, но без право на одлучување. Тие можат да ги изнесат своите мислења, предлози и забелешки по одделни точки од дневниот ред кои се забележуваат во записникот, откако ќе добијат збор од Претседателот на советот.

6.Во членот 17 во став два зборот "мора" да се замени со зборот "може".

Заклучокот да се достави до Советот на млади на Општина Кратово.

**II.** Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

16- 463/1 — **Претседател**
13.03.2015 г. — **на Советот на општина Кратово**
Кратово — Сашо Ѓеоргиевски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), а согласно член 31 од Статутот на општина Кратово ("Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/06), Градоначалникот на општина Кратово на ден 17.03.2015 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**за објавување на Заклучок за решавање на проблемот со свлечиште во м.в. "Габреш"**

**1.Се објавува: Заклучок за решавање на проблемот со свлечиште во м.в."Габреш" бр.16-467/1,** донесен од страна на Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015 година.

**2.**Заклучокот да се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

**3.**Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на општина Кратово".

Бр.08-497/1 — **Градоначалник**
17.03.2015 г. — **на општина Кратово**
Кратово — Мите Андоновски, с.р.

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002), а согласно членовите 15 и 20 од Статутот на општина Кратово („Службен Гласник на општина Кратово" бр.6/2006), Советот на општина Кратово на седницата одржана на 13.03.2015, донесе

## З А К Л У Ч О К

**за решавање на проблемот**
**со свлечиште во м.в. "Габреш"**

**I.** Поради настанатите проблеми предизвикани од врнежите од дождот а со кои повторно се активира свлечиштето во м.в."Габреш" на Магистралниот пат Кратово-Пробиштип, па постои опасност да дојде до прекин на патот, одвојувањето моментално е 3 см, а со оглед дека веќе граѓ ани пријавија штети на нивните имоти во тој крај и постои опасност тие објекти во целост да бидат однесени и срушени и постои опасност и по градските гробишта Советот на општина Кратово го донесе овој Заклучок.

**II.** Со Заклучокот Советот на општина Кратово бара од надлежните органи на РМ (ЈП за државни патишта, Министерството за транспорт и врски, Цантарот за управување со кризи и Дирекцијата за заштита и спасување) заради моментална опасна и сериозна состојба со ова свлечиште најитно да преземат мерки и да излезат на лице место да ја утврдат фактичката состојба и да преземат превентивни мерки како не би настанале поголеми и посериозни последици.

Заклучокот да се достави до погоренаведените органи.

**III.** Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на општина Кратово".

16- 467/1 **Претседател**
13.03.2015 г. **на Советот на општина Кратово**
Кратово Сашо Ѓеоргиевски, с.р.